**Известување за концентрација со која Ческа спорителна, а.д. Прага Чешка Република стекнува единствена контрола над кредитно портфолио на чешката филијала на БНП Парибас Персонал Фајненс СА (тн Хелоу банка)**

**(предмет бр. 08-117/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.08.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Ческа спорителна, а.д. со седиште на Олбрахтова 1929/62, 14000 Прага 4, Чешка Република стекнува единствена контрола над кредитно портфолио на чешката филијала на БНП Парибас Персонал Фајненс СА (тн Хелоу банка).

Ческа спорителна, а.д. е дел од Групацијата на друштва Ерсте, предводена од Ерсте Груп Банк АГ со седиште на Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија. Групацијата Ерсте е еден од најголемите даватели на финансиски услуги во седум земји во Централна и Источна Европа, и вработува околу 45.000 луѓе и опслужува прибл. 16 милиони клиенти. Основната дејност на Групацијата Ерсте во Северна Македонија е обезбедување на банкарски и лизинг услуги за физички лица и корпоративни клиенти.

Ерсте Груп има три регистрирани субјекти во Северна Македонија:

(i) ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје, со единствен матичен бр. 4558669, со корпоративно седиште на Васил Иљоски бр. 14, Скопје, Северна Македонија и приоритетна деловна дејност – друго монетарно посредување;

(ii) Друштво за лизинг ШПАРКАСЕ ЛИЗИНГ ДОО Скопје, со единствен матичен бр. 6472958, со корпоративно седиште на ул. Македонија бр. 34, Скопје, Северна Македонија и приоритетна деловна дејност – финансиски лизинг;

(iii) С-АМЦ 1 ДООЕЛ Скопје, со единствен матичен бр. 7002947, со корпоративно седиште на ул. Македонија бр. 34, Скопје, Северна Македонија и приоритетна деловна дејност – купопродажба на сопствен недвижен имот.

**Целното портфолио** е портфолио на средства и обврски во Чешка Република што ги содржи, особено, побарувањата по основ на заем според договорите за потрошувачки кредит, како и самите соодветни договори, (вклучувајќи, во зависност од случајот, кредитни картички издадени со цел да се подигнат револвинг заеми од такви договори за потрошувачки кредит), што потекнуваат од чешката филијала на БНП Парибас Персонал Фајненс СА, избрани соодветни вработени, и помошните договори за колективно осигурување склучени, во принцип, од Продавачот за покривање на ризикот од неисполнување на обврските или други настани кои можат да ги спречат заемопримачите да ги отплатат своите потрошувачки кредити (освен ставките што се исклучени од Целното портфолио врз основа на соодветниот Договор за пренос на портфолио).

Целното портфолио нема никакви средства или активности во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

Предложената трансакција потенцијално се однесува на пазарот за обезбедување заеми и нема никакви ефекти на ниту еден од пазарите во Северна Македонија, со оглед на тоа

што Целното портфолио ниту е присутно ниту пак генерира промет во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување***.**

10.08.2023 година
Скопје